РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 03.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3788/1 | 0 | |


**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за судовите, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Љупчо Пренџов
Никола Мицевски
Весна Бендевска
Даниела Бешкова
Bekim Qoku

Предлагачи: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2026 година

## В ОВ Е Д

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТИ ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Судиите–поротници претставуваат интегрален дел од организацијата и функционирањето на судската власт, преку кој се обезбедува учество на граѓаните во судските процеси. Со нивното учество во судските совети се јакне легитимитетот на судските одлуки, се унапредува транспарентноста на судењето и се обезбедува поширока општествена доверба во правосудниот систем. Постојните состојби во судството укажуваат на недоволен број на судии–поротници, како последица на законското ограничување поврзано со старосна граница при нивниот избор за вршење на функцијата.

Согласно член 38 став (3) од Законот за судовите, во судењето учествуваат и судии–поротници кога тоа е утврдено со закон. Законот за кривичната постапка предвидува дека првостепените судови судат во совети составени од двајца судии и тројца судии–поротници за кривични дела за кои е пропишана казна затвор од петнаесет години или доживотен затвор, односно во совети составени од еден судија и двајца судии–поротници за кривични дела за кои е пропишана поблага казна.

Согласно член 42 ставови (1) и (2) од Законот за судовите, судиите–поротници ги избира и разрешува Судскиот совет, под услови и во постапка утврдена со закон. За судија–поротник може да биде избрано полнолетно лице – државјанин на Република Македонија, кое има најмалку завршено средно образование, го владее македонскиот јазик, ужива углед за вршење на оваа функција и не е постаро од 60 години.

Согласно член 44 од Законот за судовите, Судскиот совет е надлежен за утврдување на оптималниот број на судии и судии–поротници по судови. Оптималниот број на судии и судии поротници по судови во Република Македонија се определува со одлуки на Судскиот совет , по прибавено мислење од општата седница на Врховниот суд и мислење од седницата на судиите на соодветниот суд, врз основа на анализа и проекција за слободни судиски места и применувајќи го начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, согласно со Годишната програма за работа на Судскиот совет.

За судија или судија поротник не може да биде избрано лице кое со член на Судскиот совет е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар.

Основниот кривичен суд Скопје, како најголем суд во државата, го извести Собранието дека се соочува со недоволен број активни судии–поротници, што создава сериозни потешкотии во формирањето на судските совети, редовното постапување по предметите и непреченото одвивање на главната расправа согласно Законот за кривичната постапка. Во оваа насока, со известувањето се посочува дека честите ротации на судиите–поротници влијаат врз континуитетот, текот и динамиката на судските процеси, што може да доведе до одложување на судењата и намалување на ефикасноста во постапувањето на судот.

Постојната состојба несомнено доведува до кадровски дисбаланс, кој произлегува од намалениот број активни судии–поротници, истекот на нивните мандати и наврашувањето на законски утврдената старосна граница, што директно влијае врз организацијата и динамиката на судските постапки. Дополнително, нискиот финансиски надомест и ограничениот интерес за вршење на оваа функција придонесуваат за слаб одзив на јавните огласи и за понатамошно намалување на расположливиот кадар на судии-поротници во судовите.

Заради надминување на ваквата состојба, се предлага ова законско решение со кое се врши измена на член 42 став (2) од Законот за судовите, заради зголемување на старосната граница за вршење на функцијата судија–поротник, како и се создаваат услови за надминување на постојниот кадровски дефицит и се создава законска можност за непречено, стабилно и ефикасно функционирање на судскиот систем.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со Предлог-законот се дава законска можност за зголемување на старосната граница за избор на судии–поротници, сошто се придонесува кон обезбедување непречено и ефикасно функционирање на судските совети, се зајкнува кадровската стабилност, континуитетот во работењето на судовите и ефикасноста во спроведувањето на судските постапки.

Предлог-законот се темели на начелата на ефикасност, континуитет, правна сигурност и функционалност на судскиот систем, како и на потребата од обезбедување стабилно и непрекинато функционирање на судовите.

## III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТИ ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Донесувањето на Предлогот на закон нема да предизвика дополнителни фискални импликации врз Републичкиот Буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Републичкиот Буџет.

## V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието по Предлог на законот за изменување на Законот за судовите да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ

Член 1

Во Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006, 62/2006, 35/2008, 61/2008, 118/2008, 16/2009, 150/10, 39/12, 83/18 и 198/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19),во член 42 во ставот (2) зборовите: „60 години“ се заменуваат со зборовите : „67 години“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ**

Предлог на законот за изменување на Законот за судовите уредува 2 члена.

Со членот 1 се врши измена на крајната старосна граница за избор на судија-поротник од 60 година на 67 години.

Членот 2 го уредува влегувањето во сила на законот.

**II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ**

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина.

**III.ПОСЛЕДИЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА**

Со предложеното законско решение се предвидува зголемување на старосната граница за избор на судии–поротници, со што се очекува да се обезбеди поефикасно, непречено и континуирано спроведување на судските постапки.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД**
**ЗАКОНОТ ЗА СУДОВИТЕ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ**

**Член 42**

(1) Судии-поротници ги избира и разрешува Судскиот совет на Република Македонија под услови и во постапка определена со закон.

(2) За судија поротник може да биде избран полнолетен државјанин на Република Македонија со завршено најмалку средно образование, кој активно го владее македонскиот јазик, ужива углед за вршење на оваа функција и кој не е постар од 60 години.

(3) Судијата поротник за судење на малолетници се избира од редот на лица со искуство во воспитанието и образованието на млади.

(4) По изборот, судиите поротници задолжително посетуваат специјализирана обука организирана од Академијата за судии и јавни обвинители, за што Академијата им издава потврда за завршена обука.

(5) Содржината, времетраењето и спроведувањето на обуката од ставот (4) на овој член се утврдува во специјализирана програма за обука на судии-поротници од страна на Академијата за судии и јавни обвинители.